**Уп. бр. 08-102/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ИГА Холдинг А.Ш., со регистрирано седиште на Тајакадин Мах. Терминал Џад. Хавалимани Терминал Бинаси бр. 1, Иџ Капи бр. 760494 Арнавуткој, Истанбул, Турција, и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш., со регистрирано седиште на Бујукдере Џад. Бенгун Хан бр. 107/8 Шишли, Истанбул, Турција, доставено преку Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 22.07.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ИГА Холдинг А.Ш., со регистрирано седиште на Тајакадин Мах. Терминал Џад. Хавалимани Терминал Бинаси бр. 1, Иџ Капи бр. 760494 Арнавуткој, Истанбул, Турција, и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш., со регистрирано седиште на Бујукдере Џад. Бенгун Хан бр. 107/8 Шишли, Истанбул, Турција, имат намера да основаат заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.06.2026 година, а дополнето на 25.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ИГА Холдинг А.Ш., со регистрирано седиште на Тајакадин Мах. Терминал Џад. Хавалимани Терминал Бинаси бр. 1, Иџ Капи бр. 760494 Арнавуткој, Истанбул, Турција, и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш., со регистрирано седиште на Бујукдере Џад. Бенгун Хан бр. 107/8

Шишли, Истанбул, Турција, со која ИГА Холдинг А.Ш., и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш., имат намера да основаат заедничко вложување, односно Друштво во кое акции што претставуваат 50% од основната главнина (и гласачките права) ќе бидат запишани на ИГА Холдинг А.Ш., а другите 50% на Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш..

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната, и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ИГА Холдинг А.Ш.** врши холдинг активности преку поседување удели/акции во своите зависни друштва што работат на Аеродромот Истанбул, вклучително и во субјектот кој е оператор на Аеродромот Истанбул.

ИГА Холдинг А.Ш. и акционерите на ИГА Холдинг А.Ш. немаат регистрирано присуство во Северна Македонија и немале какви било активности во Северна Македонија во 2025 година.

**Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш**., заедно со своите зависни друштва и заеднички вложувања, врши дејности на бесцаринска (*duty-free*) продажба и продажба на мало со повластени цени за патници (*travel value retail activities*) ширум светот. Истото е заеднички контролирано од Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ (Gebr. Heinemann SE & Co. KG), Германија и група на физички лица

Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш. има индиректно регистрирано присуство во Северна Македонија преку АТУ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден, со регистрирано седиште на Босфор, бр. 1, Мралино, Илинден („АТУ Македонија“), кое е зависно друштво на АТУ ТУРИЗМ ИШЛЕТМЕЏИЛИГИ А.Ш. (ATÜ TURİZM İŞLETMECİLİĞİ A.Ş.), Турција - заедничко вложување под заедничка контрола на Унифрее (заедно со Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ ) и ТАВ Аеродроми Холдинг.

АТУ Македонија постапува како малопродажен оператор на бесцаринските комерцијални простори, обезбедувајќи директна продажба на потрошувачи на двата меѓународни аеродроми во земјата, Меѓународниот аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ Охрид.

Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ е семеен бизнис со седиште во Хамбург, кој управува со и снабдува бесцарински продавници и продавници со повластени цени за патници на аеродроми, како и на други транспортни центри, вклучително и пристаништа, бродови и гранични премини („Патнички локации“) на светско ниво, вклучувајќи снабдување на големо на еден купувач во Северна Македонија.

Во Северна Македонија, Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ има регистрирано присуство и во 2025 година остварило приход преку (i) снабдување на големо на операторот на

бесцаринската продавница[1] АТУ Македонија и (ii) продажба на мало на производи за продажба на мало при патување].

Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ  има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија, Друштво за трговија и услуги ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Македонија“ бр. 5-2/22 Скопје со дејност посредување во неспецијализирана трговија на мало

По основањето, заедничкото вложување ќе претставува целосно функционално заедничко вложување за управување со продавници за продажба на мало при патување лоцирани на Аеродромот Истанбул и за вршење дејности на продажба на мало при патување на други аеродроми.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2)  од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**

[1] Гебр. Хајнеман СЕ & Ко. КГ  не управува со бесцаринската продавница, но доставува стоки на големо на АТУ Македонија ДООЕЛ, кое друштво управува со бесцаринските продавници на аеродромите.